ЕЛИМИНАЦИЈА НА МАЧЕЊЕТО
И НЕЧОВЕЧКОТО ПОСТАПУВАЊЕ
ВО ЗАТВОРИТЕ И УСТАНОВИТЕ
ЗА ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА

# ИЗВЕШТАЈ ОД ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ ПОСЕТИ ЗА СОСТОЈБАТА И УСЛОВИТЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЈУЛИ 2021

СКОПЈЕ, СЕПТЕМВРИ 2021

ИЗВЕШТАЈ ОД ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ ПОСЕТИ ЗА СОСТОЈБАТА И УСЛОВИТЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ЈУЛИ 2021

Издавач: Хелсиншки комитет за човекови права,
претставувано од Проф д-р Неда Здравева

Уредничка: проф. д-р Гордана Лажетиќ

Автори: Ина Џугуманова, Арбен Гудачи

Лектор: Лилјана Јовановска

Графички дизајн и печатење: Масива Дооел Скопје

Место: Скопје

Година на изданието: 2021

Тираж: 100 примероци

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.811(497.7)(047.31)"2021.7"
061(047.31)"2021.7"

ЏУГУМАНОВА, Ина
Извештај од последователни посети за состојбата и условите во казнено-поправните установи во Република Северна Македонија во јули 2021 година / автори Ина Џугуманова, Арбен Гудачи.- Скопје : Здружение Хелсиншки комитет за човекови права, 2021.- 25 стр. ; 18 см

ISBN 978-608-4790-99-0

1. Гудачи, Арбен [автор]
а) Хелсиншки комитет за човекови права (Скопје)-- Извештаи б) Казнено-поправните установи-- Услови-- Македонија-- јули 2021-- Извештаи

COBISS.MK-ID 55430661

---

Македонско здружение на млади правници

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Проектот е финансиран од Европската Унија.

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на МЗМП и на никаков начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........................................ 4

**КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ** ........................................ 6

**ГЕНЕРАЛНИ ПРЕПОРАКИ** ........................................ 8

**КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ КУМАНОВО** ........................................ 9

**КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ШТИП** ........................................ 11

**КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА – ЗАТВОР ТЕТОВО** ........................................ 15

**КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС/ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ ЗА ЖЕНСКИ ЛИЦА ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО** ........................................ 19

# ВОВЕД

Овој извештај е подготвен во рамките на проектот „Елиминација на мачењето и нечовечкото постапување во затворите и установите за лишување од слобода“, финансиски поддржан од Европската Унија. За целите на проектот е склучен Меморандум за соработка помеѓу Македонското здружение на млади правници, Хелсиншкиот комитет за човекови права и Управата за извршување на санкциите.

Извештајот се базира на теренски посети од страна на претставничката од Хелсиншкиот комитет за човекови права – Ина Џугуманова, претставници од Македонското здружение на млади правници – Арбен Гудачи, како и надворешни експертки ангажирани од мониторинг тимот, психијатар – Марија Костадиновска и психотерапевт – Елисавета Секуловска. Експертките беа ангажирани со цел проценка на потенцијалниот импакт на материјалните услови во затворите и установите за лишување од слобода врз лицата коишто престојуваат во овие установи. Проценката е спроведена преку обезбедување на психијатриско и психотерапевтско советување на осудените лица и разговор со стручните служби во казнено-поправните установи, пред сѐ, здравствените и социјалните работници.

Теренските посети беа спроведени во текот на месец јули 2021 година, како последователни посети на редовните кои мониторинг тимот ги спроведе во период од август до октомври 2020 година.

Последователните теренски посети беа спроведени во 4 казнено-поправни установи во кои беа забележани најголем број

недостатоци за време на спроведување на редовните посети и тоа во: КПД Идризово, КПД Штип, КПД Куманово и КПУ Тетово.

Иако за време на последователните посети мониторинг тимот забележа подобрување во казнено-поправните установи, најмногу во поглед на унапредување на материјалните услови, пенитенцијарниот систем сѐ уште се соочува со големи проблеми и предизвици. Како најгорливи проблеми остануваат пристапот до здравствената заштита, образовниот процес и процесот на ресоцијализација на осудените лица, необучените раководни и стручни кадри во казнено-поправните установи и неефикасните внатрешни и надворешни механизми за пријавување и гонење на случаи на тортура и нечовечко постапување спрема осудените лица. Во таа насока, извештајот содржи резиме од остварениот теренски мониторинг, фокусирајќи се на напредокот и главните предизвици документирани за време на посетите. Извештајот, воедно, содржи и препораки за секоја казнено-поправна установа, како и генерални препораки за надлежните институции во насока на подобрување на состојбите и условите во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

| КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ | | |
|---|---|---|
| КПД Куманово | – | 6.7.2021 |
| КПД Штип | – | 8.7.2021 |
| КПД Тетово | – | 13.7.2021 |
| КПД Идризово | – | 15.7.2021 |

# ГЕНЕРАЛНИ ПРЕПОРАКИ

→ Итно и неодложно обезбедување минимални услови за одржување хигиена, услови за спиење и обезбедување квалитет и количество на храна за осудените лица во КПД Идризово согласно пропишаните стандарди.

→ Итно и неодложно преземање мерки од страна на Министерството за здравство за обезбедување непречен пристап до здравствена заштита на сите осудени лица.

→ Информирање на осудените лица за нивните права преку информативни флаери, постери, брошури и слично кои ќе бидат истакнати на видно и фреквентно место во сите казнено-поправни установи.

→ Обезбедување соодветни материјални услови во установите со цел овозможување на хуман третман на осудените лица.

→ Ангажирање соодветен кадар во установите во поглед на ресоцијализацијата и развивање и имплементирање на соодветни програми за ресоцијализација.

→ Долгорочно решавање на проблемот со водоснабдувањето во КПД Куманово, имајќи го предвид фактот дека водата е основно човеково право, а немањето пристап до вода, особено во услови на пандемија, претставува живеење во нехумани услови за осудените лица.

→ Преземање напори за работно ангажирање на осудените лица и развивање на работни вештини кои ќе им бидат од корист по завршување со издржување на казната затвор.

→ Соработка помеѓу центрите за социјална работа и Агенцијата за вработување со цел постпенална помош на осудените лица и нивно вклучување на пазарот на трудот.

→ Спроведување на когнитивна психотерапевтска програма за осудените лица, која би била одлична можност за лична работа на осудените лица и исполнување на индивидуалната програма за третман за секое осудено лице во текот на издржување на казната затвор.

→ Министерството за образование да преземе мерки за спроведување на образовен процес за осудените лица во казнено-поправните установи.

# КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ КУМАНОВО

На ден 6.7.2021 година, мониторинг тимот во состав: Ина Џугуманова, Марија Костадиновска и Елисавета Секуловска спроведе посета на КПД Куманово.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Во моментот на посетата во КПД Куманово имаше вкупно 145 осудени лица и 33 притворени лица, од кои 10 беа странски државјани.

## МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ

Во казнено-поправниот дом, во споредба со посетата од септември 2020 година, мониторинг тимот затекна **реконструирани тушеви во заедничките тоалети** кои претходно не беа функционални. Се констатира дека во установата има направено **заеднички мијалници во ходниците** кај одделенијата како би можеле осудените лица да измијат раце, садови и слично, а да не мора да одат до заедничките тоалети, што е од голема помош имајќи предвид дека во собите сè уште нема вода. Мониторинг тимот забележа дека на влезот од сите одделенија, **осудените лица се работно ангажирани за изградба на ѕид**, а командирот во установата информираше дека изградбата има за цел да се спречи давање, продавање или препродавање на недозволени предмети, супстанции и слично помеѓу осудените лица.

Самиците во КПД Куманово беа затекнати во лоши хигиенски и супстандардни услови. Креветите беа без душеци или со валкани душеци, без постелнина. Столчињата во самиците беа скршени, поради што постои ризик од (само)повредување на осудените лица додека престојуваат во самиците. Тоалетите во самиците беа во многу лоши хигиенски услови, а мијалниците во самиците беа целосно искривени, што им служи на осудените лица да се прекачат до прозорецот во просторијата со цел да разговараат со други осудени лица, како и за размена на недозволени предмети и слично. Системот на повикување во самиците не функционира, а светлото во самиците го вклучуваат и исклучуваат вработените во установата.

Шеталиштето за затворениците во затворено одделение и самица беше празно, со поставен само 1 гол за фудбал.

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Здравствената заштита во установата се обезбедува преку медицински техничар кој е вработен во установата со полно работно време. Доктор доаѓа во посета на затворот два пати неделно, а стоматолог еднаш на две недели.

Во установата не е ангажиран психијатар. Психијатарот ангажиран од мониторинг тимот при посетата забележа дека нема во доволни количини медицинска терапија, а поради немањето на психијатар, осудените лица често примаат несоодветна терапија која е делена од страна на медицинскиот техничар. Осудените лица не се под стручен психијатриски надзор што особено штетно влијае врз нивното здравје, но и врз процесот на нивна ресоцијализација.

**Препораки:**

- Изнаоѓање долготрајно решение за проблемот со водоснабдувањето;
- Опремување на шеталиштето за осудените лица во самица, затворено одделение и притворски дел;
- Министерството за здравство да изнајде решение за проблемот со снабдување на доволни количини медицинска терапија и да се ангажира психијатар во установата;
- Осудените лица да ја примаат медицинската терапија во назначениот временски период под соодветен надзор;
- Реконструкција на тоалетите и столовите во самиците и опремување на креветите во самиците со чисти душеци, перници и постелнина;
- Воспоставување функционален систем за повикување во самиците.

# КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ШТИП

Посетата на КПД Штип беше спроведена на 8.7.2021 година, од страна на мониторинг тим составен од: Ина Џугуманова, Марија Костадиновска и Елисавета Секуловска.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Во КПД Штип во моментот на посетата имаше вкупно 223 осудени лица од кои само 1 странски државјанин.

## МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ

Во казнено-поправниот дом, во споредба со посетата во август 2020 година, затекнавме **реконструирано приемно одделение** во кое беа сместени 3 затвореници. Во собата во приемното одделение немаше светло, а во тоалетот беше забележано скршено огледало, кое беше отстрането од страна на припадникот на затворската полиција по сугестија на мониторинг тимот. Хигиената во тоалетот беше на задоволително ниво, со 3 мијалници, 1 тоалет и 3 тушеви.

Установата со финансиска поддршка од Управата за извршување на санкциите, **комплетно ги има реконструирано прозорците и вратите во сите крила на установата**, заменувајќи ги старите дрвени, со ПВЦ врати и прозорци. Едниот тоалет во 1. крило беше реконструиран, додека за другиот сè уште се чекаат финансиски средства за реконструкција.
Директорот на КПД Штип информираше дека со последните премерувања е дојдено до заклучок дека **установата има капацитет**

**за само 156 лица, а не за 210 лица како што беше податокот претходно**. Оттука, можевме да забележиме дека КПД Штип повторно се соочува со **пренатрупаност, а осудените лица издржуваат казна затвор во простории кои не ги исполнуваат стандардите во поглед на големина, ширина и должина.**

**Просториите за самици сѐ уште се користат за осудени лица кои не издржуваат дисциплинска мерка – самица**, но не можат да бидат сместени во некое од другите крила поради недостиг од просторни капацитети. Овие простории не ги задоволуваат потребните стандарди.

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Здравствената заштита се обезбедува преку медицински техничар и доктор, кои се вработени во установата. Во установата нема психијатар, што влијае штетно врз психичкото здравје на осудениците, како и врз процесот на нивна ресоцијализација. Директорот на установата информираше дека се соочуваат и со недостиг на лекови.

На денот на посетата се спроведуваше вакцинација на осудените лица против вирусот Ковид-19. Од вкупно 223 осуденици, 83 лица беа пријавени за вакцина. КПД Штип е прва казнено-поправна установа која организира процес на вакцинација против вирусот Ковид-19 на осудените лица во Македонија.

## ОБРАЗОВАНИЕ

Во април 2021 година во КПД Штип е започнат образовен процес на осудените лица. На почетокот, вкупно 40 лица се пријавиле да

следат основно образование. Образованието се спроведува со финансиска поддршка на Министерството за образование и УНДП. Часови се одржуваат секој ден во неделата преку наставници ангажирани од основно училиште во Штип.

**Препораки:**

- Преземање на мерки за елиминирање на пренатрупаноста во установата од страна на Управата за извршување на санкциите.
- Осудените лица не треба да издржуваат казна затвор во простории наменети за издржување на дисциплинска мерка – самица, од причина што нема доволно просторен капацитет;
- Министерството за здравство да преземе мерки за редовна набавка на потребните лекарства за медицинска терапија на осудените лица со здравствени проблеми кои во недостиг ги набавуваат приватно;
- Министерството за здравство да преземе мерки за ангажирање на психијатар во установата;
- Работно ангажирање на осудените лица во рамки на установата;
- Реконструкција на дел од тоалетите кои се сѐ уште во лоши услови.

# КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА – ЗАТВОР ТЕТОВО

КПУ – Затвор Тетово беше посетен на 13.7.2021 година, од страна на мониторинг тимот во состав: Ина Џугуманова, Арбен Гудачи, Марија Костадиновска и Елисавета Секуловска.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Во КПУ Тетово во моментот на посетата имаше 72 лица, а вкупниот капацитет на установата е за 53 лица.

## МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ

Во казнено-поправната установа, во споредба со посетата во август 2020 година, затекнавме **променети врати и прозорци во некои од собите, а за време на посетата во тек беше реконструкција на тоалетите**. Мониторинг тимот беше известен дека со помош на донации, директорот на установата набавил **нови душеци и постелнини за осудените лица.**

Во КПУ Тетово сѐ уште **нема посебна просторија наменета за посети**, а за време на нашата посета забележавме дека се **поставени нови клупи и лулашки** во дворот на установата каде што осудените лица може да остваруваат средби со своите блиски.

Шеталиштето на установата сѐ уште е празно, без нови реквизити за слободни и вокациски активности, па се користи само за прошетки. Во делокругот на шеталиштето има просторија наменета за

вежбалница, посебна просторија која осудениците ја користат за играње шах и како кафетерија, а и просторија за библиотека, којашто е слабо опремена со книги, за што тимот даде препорака да се контактира градската библиотека.

Она што го утврди тимот како еден од недостатоците, е тоа дека **во собата којашто служи за приемно одделение беа сместени 3 лица во приемно одделение, а 1 лице кое издржуваше дисциплинска мерка – самица.** Припадникот на затворската полиција и осудениците го информираа мониторинг тимот дека **имаат само 1 час во текот на денот за прошетка**, за што веднаш беше дадена забелешка до директорот на установата дека на осудените лица им следуваат 2 часа прошетка на отворено во текот на денот. До собата за приемно одделение во моментот на посетата се реконструираше друга просторија која треба да биде наменета за издржување на дисциплинска мерка – самица, со цел двете категории на лица да бидат одвоени.

Осудениците сместени во приемно одделение се пожалија дека се тушираат само еднаш во текот на неделата. Директорот на установата го информира мониторинг тимот дека поради рестрикциите кои ги имаат со водата, некогаш вода има дури во 3 часот по полноќ што е причина осудениците да не се во можност да се тушираат повеќе пати во текот на неделата. Осудениците беа известени за оваа околност, а на директорот му беше укажано да побара изјави од нив со кои тие се согласуваат да бидат разбудени во текот на ноќта како би можеле да се истушираат, додека да се реши проблемот со водоснабдувањето.

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Здравствената заштита се обезбедува преку доктор кој е вработен со полно работно време во установата**. Ординацијата на докторот е мала и служи како канцеларија на уште двајца други вработени во установата.** Во разговор со докторот, мониторинг тимот доби информација дека во установата **нема доволно медицинска терапија**, а осудениците се приморани сами да ги купуваат потребните лекови.

Докторот, исто така, го информираше мониторинг тимот дека **осудените лица немаат здравствено осигурување**, па имаат пречки во остварување на секундарната здравствена заштита. Во установата **нема ангажирано психијатар**, за што психијатарот од мониторинг тимот констатираше дека има голема потреба, имајќи предвид дека големиот број осуденици имаат потреба од континуиран и засилен психијатриски надзор. Најчесто оваа категорија лица само *ад хок* се упатуваат на интернистички преглед кај психијатар кога е итно и неопходно, од што произлегува дека нивното ментално здравје не се следи континуирано.

**Препораки:**

- Министерството за здравство итно да преземе мерки за набавување медицинска терапија во установата и регулирање на здравственото осигурување на осудените лица;
- Министерство за здравство да преземе мерки за ангажирање на психијатар во установата;
- Да се отвори нова просторија наменета за амбуланта, каде што докторот ќе може да ги прегледува осудените лица без присуство на други вработени, а со цел заштита на нивната приватност;

- Да се реконструира уште една просторија наменета за издржување на дисциплинска мерка – самица како би можеле овие лица да бидат одвоени од лицата сместени во приемно одделение;
- Да се реши проблемот со рестрикциите во водоснабдувањето;
- Да се отворат работилници и да се опреми шеталиштето на установата како би можеле осудените лица да имаат можности за поквалитетни слободни и вокациски активности кои се особено важни за нивната ресоцијализација;
- На осудените лица да им се овозможат 2 часа во текот на денот за прошетка на отворено;
- Да се опреми посебна просторија наменета за посети на осудените лица.

# КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ВЕЛЕС/ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ ЗА ЖЕНСКИ ЛИЦА ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО

КПД Идризово од страна на мониторинг тимот во состав: Ина Џугуманова, Арбен Гудачи, Марија Костадиновска и Елисавета Секуловска, беше посетен на 15.7.2021 година.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Во КПД Идризово во моментот на посетата имаше 1083 осудени лица.

## МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ И ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

Во затвореното одделение на КПД Идризово **беше нотирана пренатрупаност** во просториите за сместување, конкретно во блоковите 1, 4 и 7, каде беа затекнати затвореници кои спијат во ходник, на под, а во некои соби беа затекнати по 12 – 13 затвореници во една соба сместени на кревети на 3 ката. **Тушевите во тоалетите во сите соби се сè уште импровизирани и направени од буриња, а во некои тоалети затворениците се тушираат со кофи.** Осудениците кои спијат во ходник, немаат свој тоалет и мораат да ги користат тоалетите на осудените лица кои имаат соба.

Целокупната електрична инсталација (струја) е отворена и претставува висок ризик за настанување пожар или друг инцидент. Импровизирани справи за греење на вода се користат од осудените лица кои, исто така, претставуваат ризик по нивниот живот.

Во 1. крило беа затекнати 7 осуденици, во 4. крило 5 осуденици, а во 7. крило 4 осуденици кои **спијат на под**. Еден осуденик од 1. крило спиеше на душек на под во една од собите, двајца осуденици во 4. крило беа затекнати како спијат на 1 единечен кревет во ходник, а еден осуденик во 4. крило спиеше на кревет кој немаше даски, па самиот поставил телевизор под душекот за да може да спие. Еден од осудениците во 7. крило спиеше на ќебе послано на под. Во целата зграда, а особено во блоковите каде беше забележана пренатрупаност имаше многу ниско ниво на хигиена. Дополнително, осудениците го информираа мониторинг тимот дека во изминатите 2 – 3 недели **немаат вода** поради што не можат да се тушираат, да одржуваат лична хигиена, ниту пак да си ги измијат садовите во кои јадат. Од тие причини во зградата се ширеше лоша миризба, а беа забележани и многу неизмиени садови во ходниците кај собите полни со муви и други инсекти.

Во моментот на посетата температурата во градот изнесуваше 40 целзиусови степени. Во просториите на установата каде се сместени осудениците беше значително топло, но тие нѐ информираа дека од страна на директорот на **установата не им е дозволено да внесат вентилатори,** ниту пак им се обезбедени од страна на установата.

Во 4-тото крило беше забележан и **скршен прозорец** во ходникот кај собите, што може да им послужи на затворениците за

(само)повредување. Мониторинг тимот им укажа на припадниците на затворската полиција веднаш да го отстранат прозорецот.

**Самиците** во установата се во значително супстандардни услови со нечисти душеци, нечиста постелнина, влага, нечист тоалет, како и многу слаба вештачка светлина. Едно осудено лице кое беше сместено во самица нè информираше дека има влошена здравствена состојба, односно проблеми со крвниот притисок, поради што во еден наврат и се онесвестил. Тој се пожали дека неговата здравствена состојба не дозволува да биде сместен во самица.

Приемното одделение во установата беше, исто така, затекнато во лоши хигиенски услови. Во просторијата имаше 18 кревети, а во моментот на посетата беа сместени вкупно 6 лица. Тоалетот во приемното одделение е со многу ниско ниво на хигиена и има туш и 2 тоалетни школки. **Во тоалетот беа забележани кабли од струја** што може многу лесно да предизвикаат пожар и повреди кај осудените лица, а во најлош случај да доведе и до смртни последици. Осудените лица побараа хигиенски средства за да можат да ја исчистат просторијата.

Стариот дел кој служеше за сместување на осудените лица со третман за полуотворено одделение, е затворен. Осудениците се сместени во новата зграда која има приземје и 2 ката, а вкупниот број на лица е 240. Иако нов објект, на приземјето беше забележана влага на таваните и ѕид кој се рони поради влажноста. Собите во оваа зграда ги задоволуваат стандардите во поглед на ширина, големина, светлина, влага, но осудениците имаа голем број поплаки поради недостигот од вода, како и фрижидери каде би можеле да ја чуваат храната за време на летниот период кога

температурите се многу високи, а имајќи предвид дека голем дел од нив земаат пакети со храна од надвор, бидејќи установата служи, на пример, само 1 конзерва риба за двајца, 1 мал јогурт по човек за 3 оброци, една чинија пире со 2 виршли за 4 лица итн. Во новата зграда повторно се укажа на проблемот со недостигот од вода, а осудените лица сместени на вториот кат од зградата се пожалија дека воопшто немаат вода поради недостиг од притисок.

Како **позитивен напредок**, директорот на установата ги издвои воведувањето на службен влез за вработените со цел обезбедување на нивната сигурност, секојдневен детален претрес на сите вработени при влез и излез на установата, 3 нови паркинг места за вработени, реконструкција на вратите и прозорците и воведување на кабелска мрежа во женското одделение. Исто така, тој информираше дека во тек се подготовки за нова амбулантна просторија и нова стоматолошка ординација.

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Во однос на здравствената заштита, КПД Идризово располага со два општи лекари, еден психијатар (кој доаѓа во одредени денови), три медицински сестри и еден стоматолог. Медицинскиот персонал работи само во работни денови, во една смена, од 7:30 до 15:30 часот и е надлежен за обезбедување примарна здравствена заштита на сите осудени лица во КПД Идризово.

Психијатарот и психотерапевтот кои беа дел од тимот разговараа со само 6 осудени лица сместени во зградата „Амбуланта“ од причина што **установата имаше пропуштено да направи список на лица** кои сакаат да се советуваат со психијатар/психотерапевт.

## ПОПЛАКИ ОД ЗАТВОРЕНИЦИ И ПРУЖАЊЕ ПРАВНА ПОМОШ

Во рамките на посетата, на петнаесет осудени лица им беше обезбедена директна правна помош во врска со определено правно прашање.

Осудените лица генерално се жалеа на условите во установата, а најмногу за **недостигот од вода**. Со овој проблем осудениците се соочуваат речиси три недели поради што имаат потешкотии во одржувањето на хигиена, миењето на садови, чистењето на просториите и слично, што е голем проблем особено во период кога температурите се значително високи.

Понатаму, дел од осудените лица се жалеа дека поради пренатрупаноста во установата **спијат на под или на кревети во ходниците**, некои по неколку седмици, а некои по неколку месеци.

Во однос на храната, осудените лица имаат голем број поплаки дека **храната е толку лоша,** што се приморани да јадат само од пакетите храна кои ги добиваат од дома. Оние лица кои немаат финансиски средства да набавуваат храна од надвор или пак немаат блиски луѓе кои би им носеле храна, јадат од затворската храна, за која велат дека е ужасна. Тие се пожалија дека добиваат само по 1 мало кремче за доручек, 1 конзерва риба за ручек за двајца, 1 мал јогурт за сите 3 оброци во текот на денот и слично. Оние кои земаат храна од дома, стравуваат дека ќе им се расипе поради високите температури, а директорот на установата не им дозволува да си набават фрижидери, иако во некои одделенија беше забележано дека осудениците имаат фрижидери за храна. Сите оброци им се доделуваат наеднаш, а најчесто поради пренатрупаноста, осудените лица се приморани оброците да ги поделат на двајца. Дополително, лебот се доставува на влезот од

ходниците, на места кои имаат ниско ниво на хигиена и присуство на разни инсекти.

Речиси сите осудени лица со кои разговаравме **укажаа на проблемот кој го имаат со инсекти (тавтабити, бубашваби и слично) во собите за спиење, а голем дел од нив имаа и траги од убоди од инсекти.**

Дел од осудените лица се пожалија и за отежнатиот пристап до здравствена заштита, односно дека **затворот не ја набавува потребната медицинска терапија** или дека не можат да дојдат на ред да бидат прегледани од доктор, иако имаат поднесено писмено барање за тоа.

## ЖЕНСКО ОДДЕЛЕНИЕ

Посебното одделение во КПД Идризово за жените кои издржуваат казна затвор (во натамошниот текст: женско одделение) функционира како посебен одвоен објект во КПД Идризово каде се сместени вкупно 66 жени. Во рамки на женското одделение функционира и воспитно-поправен дом за женски лица. За време на посетата 3 малолетнички беа сместени во установата.

Во женското одделение е направена целосна реконструкција на вратите и прозорците и е поставена клабелска мрежа, а во тек е и постапка за реконструкција на подот.

Она што го нотираше тимот како недостаток, е нефункционалниот видеонадзор во одделението што е пречка за истражување на било каков случај на несоодветно постапување или тортура врз затвореничките кои во разговор со тимот **се пожалија дека**

**командирките често употребуваат прекумерна физичка сила врз нив**, им се обраќаат со погрдни зборови и слично. Осуденичките се пожалија дека им недостига разговор со психолог, како и повеќе слободни и вокациски активности, бидејќи освен гледање телевизија и прошетка во дворот, немаат начин како да го поминуваат времето.

Како недостаток беше нотирано и тоа дека осуденичките немаат машина за перење и мораат својата облека рачно да ја перат.

Изминатиов период Здружението „Жртва“ од Скопје во соработка со Управата за извршување на санкциите имплементира проект „Рехабилитација на жени затворенички“, финансиски поддржано од Цибика мобилитас, преку кои жените имаат можност неколку пати во месецот да посетуваат јога часови во рамки на установата. Ваквите активности се за поздравување бидејќи директно влијаат во процесот на ресоцијализација на осуденичките.

**Препораки:**

- Итно преземање на мерки за решавање на пренатрупаноста во установата;
- Итно преземање на мерки за изнаоѓање на решение за проблемот со водоснабдувањето;
- Обезбедување на 3 оброци во текот на денот за сите осудени лица кои ќе ги исполнуваат нутритивните вредности предвидени со Законот за извршување на санкциите;
- Установата да им обезбеди или да им овозможи на осудените лица да набават вентилатори во текот на летниот период кога температурите се значително високи;

- Целосна реконструкција на затвореното одделение и зградата „Амбуланта“ или отворање на сосема нови објекти;
- Министерството за здравство итно да преземе мерки за набавка на потребните лекови кои осудениците моментално сами си ги плаќаат;
- Министерството за здравство и Управата за извршување на санкциите да го решат проблемот со здравственото осигурување на осудениците кои моментално не се осигурани и имаат пречки во остварувањето на секундардна здравствена заштита;
- Итно спроведување на дезинсекција во сите простории на КПД Идризово поради присуството на тавтабити;
- Министерството за образование да започне образовен процес во КПД Идризово кој ќе биде одржлив со финансиски средства од државата;
- Воспоставување на функционален видеонадзор во женското одделение;
- Истакнување на постери/плакати со правата на осудените лица за време на издржување на казната затвор;
- Опремување на шеталиштето со повеќе реквизити за квалитетно поминување на слободното време на осудените лица;
- Работно ангажирање на осудените лица.

ИЗВЕШТАЈ ОД ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ ПОСЕТИ ЗА **СОСТОЈБАТА И УСЛОВИТЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
ВО ЈУЛИ 2021